# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Број 14 * година IV * понеделник, 02.11.2009 година * Карпош * цена:**

**Излегува по потреба**

**e-mail: kontakt@karpos.gov.mk www.karpos.gov.mk**

**Скопје, ноември 2009 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок за усвојување на Информација
за обнова на фасадите на зградите на подрачјето на
Општина Карпош

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за обнова на фасадите на зградите на подрачјето на Општина Карпош, донесена на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3682/1
___.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/02/ и член 16 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр/ 01/06/, расправајќи по Информацијата за обнова на фасадите на зградите на подрачјето на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош на Осмата седница, одржана на 16 октомври 2009 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Информација за обнова
на фасадите на зградите на подрачјето
на Општина Карпош

1. Советот на Општина Карпош ја усвојува Информацијата за обнова на фасадите на зградите на подрачјето на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок да се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 3692/1
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**